# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”<br>Излегува по потреба | 7. Ноември . 2007 год.<br>Скопје<br>Бр. 8 Год. II |



www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com



Скопје, Ноември 2007 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година и Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година**

Се објавува Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година и Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетивтората Седница на Советот, одржана на ден 29.10.2007 година.

**Број 08-2562/1**
**од 07.11.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа(*Службен весник на Р.М.* бр.5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (*Службен весник на Р.М.* бр. 61/2004 и 96/2004), член 43 од Законот за државни службеници ( *Сл.весник на Р.М.* бр. 59/00, 112/00, 34/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06 и 36/07), член 1 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2007 г. ( *Сл.весник на Р.М*. бр.115/07), член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Р.М. (*Сл.весник на Р.М.* бр.121/07), член 3 од Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието и другите избрани и именувани лица во Републиката ( *Сл.весник на Р.М. *бр. 121/07) и член 16 точка 2 и 37 од Статутот на Општината Ѓорче Петров (*Службен гласник на општина Ѓорче Петров* бр. 5/06 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на Шеесет и втората седница одржана на 29.10.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Ѓорче Петров за 2007 година и Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година

### Член 1

Се врши измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година (Сл.гласник на Општина Ѓорче Петров бр.12/06 ), така што во членот 9 после зборот *година*, наместо запирката се става точка и се додава нова реченица која гласи:

*Платата на Градоначалникот се зголемува за 10%, започнувајќи со исплата на платата за месец септември 2007 година.*

Во истиот став, остатокот од реченицата после зборот вгодинаг се брише.

После ставот 1 од член 9 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

*За вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за пресметување на нето платите заклучно со 31.08.2007 година изнесува 40,10 денари, а почнувајќи од 01.09.2007 година вредноста на бодот за пресметување на нето платите на државните службеници изнеува 44,11 денари.

Вредноста на бодот за пресметување на плата на вработените во општинската администрација на Општина Ѓорче Петров, кои немаат статус на државни службеници, од 01.09.2007 година изнесува 11 денари.*

**Член 2**

Се врши измена на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот за 2007 година (Сл. гласник на Општина Ѓорче Петров бр.7/07) , така што во Член 1 став 1 се менува и гласи: *Се врши измена и дополнување на член 9 , така што се додаваат два нови става, став 4 и став 5, кои гласат:*

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на Општина Ѓорче Петров *, а ќе се применува од 01.11.2007 година.

**Број 07-2426/3**
**од 29.10.2007 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишна Програма за работата на ЈОУДГ *Росица* за период од 2007/2008 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишна Програма за работата на ЈОУДГ *Росица* за период од 2007/2008 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетивтората Седница на Советот, одржана на ден 29.10.2007 година.

**Број 08-2562/2**
**од 07.11.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Шеесет и втората Седница одржана на ден 29.10.2007 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишна Програма за**
**работата на ЈОУДГ *Росица* за период од 2007/2008 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишната Програма за работа на ЈОУДГ *Росица*за период од 2007/2008 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 2426/4**
**29.10.2007 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишниот финансиски план на приходи и расходи на ЈОУДГ *Росица* за 2008 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот финансиски план на приходи и расходи на ЈОУДГ *Росица* за 2008 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетивтората Седница на Советот, одржана на ден 29.10.2007 година.

**Број 08-2562/3**
**од 07.11.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Шеесет и втората Седница одржана на ден 29.10.2007 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување наГодишниот финансиски план на приходи и расходи на ЈОУДГ *Росица* за 2008 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот финансиски план на приходи и расходи на ЈОУДГ *Росица* за 2007/2008 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 2426/5**
**29.10.2007 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година на Македонската Православна Црква Храм *Свети Петар и Павле* за реконструкција на Камбанаријата**

Се објавува Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година на Македонската Православна Црква Храм *Свети Петар и Павле* за реконструкција на Камбанаријата, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетичетвртата Седница на Советот, одржана на ден 07.11.2007 година.

**Број 08-2563/1**
**од 07.11.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Опшатина Ѓорче Петров бр. 5/2006), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година и Барањето бр 03 - 2545/1 од 06.11.2007 година од Македонска Православна Црква - Храм Свети Петар и Павле во Општина Ѓорче Петров, Советот на Општина Ѓорче Петров на 64-тата седница, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства од Буџетот на ОпштинаЃорче Петров за 2007 година на Македонската Православна Црква Храм Свети Петар и Павле за реконструкција на Камбанаријата**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров одобрува износ од **150.000,00 денари** на Македонската Православна Црква Храм Св.Петар и Павле како финансиска поддршка за реконструкција на Камбанаријата;

2. На товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година, распределени по Програм До - Градоначалник, на позиција 413110 ДО - Тековна резерва, Средствата да се уплатат на: МПЦ Храм Св.Апостоли Петар и Павле , на жиро-сметка број 300000001341643, депонент: Комерцијална Банка АД - Скопје.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

4. Се задолжува Одделението за финансирање и Буџет за извршување на Одлуката.

**Број 07- 2555/3**
**од 07.11.2007 год.**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година на Манастир *Свето Преображение*-Крушево**

Се објавува Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година на Манастир *Свето Преображение*-Крушево, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетичетвртата Седница на Советот, одржана на ден 07.11.2007 година.

**Број 08-2563/2**
**од 07.11.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Опшатина Ѓорче Петров бр. 5/2006), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 64-тата седница, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година на Манастир Свето Преображение - Крушево**

**5.** Советот на Општина Ѓорче Петров одобрува износ од 100.000,00 денари како финансиска поддршка за изградба на Манастирот Свето Преображение - Крушево, за која Тоше Проевски се залагаше со целиот свој дух и тело;

6. Средствата да се уплатат на Манастирот Свето Преображение, на жиро-сметка број 200000000012602, депонент: Стопанска банка АД - Скопје, подсметка 0013214526 - средства за Манастир Св. Преображение - Крушево, на товар на средствата од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година, од Програм Ао - Совет, позиција 426990 - Други оперативни расходи.

7. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

8. Се задолжува Одделението за финансирање и Буџет за извршување на Одлуката.

**Број 07- 2555/4**
**од 07.11.2007 год.**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

# Содржина

## Општина Ѓорче Петров

1. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година и Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година.........................................................................стр.2

2. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работата на ЈОУДГ *Росица* за период од 2007/2008 година..........стр.5

3. Одлука за усвојување на Годишен финансиски план на приходи и расходи на ЈОУДГ *Росица* за 2008 година................стр.7

4. Одлука за одобрување на средства од Буџетот на ОпштинаЃорче Петров за 2007 година на Македонската Православна Црква Храм *Свети Петар и Павле* за реконструкција на Камбанаријата....................................................стр.9

5. Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година на Манастир *Свето Преображение* - Крушево..................................................стр.11

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи
и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци